## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ ENGLISH SYNTAX AND DISCOURSE – LANGUAGE WORKBOOK” (СИНТАКСА И ДИСКУРС НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК – ПРАКТИКУМ) ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА КУСЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-153/14 од 131. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип одржана на 28.10.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Нина Даскаловска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ENGLISH SYNTAX AND DISCOURSE – LANGUAGE WORKBOOK“ (Синтакса и дискурс на англискиот јазик - практикум)** од авторот **доц. д-р Марија Кусевска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Англиски јазик и književност.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „English Syntax and Discourse – Language Workbook” (Синтакса и дискурс на англискиот јазик – практикум) од доц. д-р Марија Кусевска е компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Синтакса на англискиот јазик 2, кој според студиската програма на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се изучува како задолжителен предмет на наставната и на преведувачката насока на прв циклус студии, Англиски јазик и книжевност, во шести семестар за Студиската програма акредитирана во 2012 г., со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити.

Ракописот е наменет како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Синтакса на англискиот јазик 2. Тој содржи вежби и активности кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и усвојат содржините во литературата која се користи за овој предмет и да развијат поголема интуиција за употребата на англиските граматички структури во писмениот и во говорниот јазик.

Главна цел на вежбите во ракописот е да ја зголемат свесноста на студентите за различните значења кои синтаксичките структури ги пренесуваат, со што тие се запознаваат со обемноста и комплексноста на англискиот јазичен систем. Се анализираат формите, значењата и нивните функции во рамките на дискурсот. Бидејќи се очекува студентите да ги знаат формите на граматичките структури, на овој курс фокусот се става на нивното значење во дискурсот. Од студентите се очекува да ја препознаваат двосмисленоста, варијациите на граматичките структури, специфичните употреби и сл.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат, фонт Ариел, големина на букви 12. Текстот содржи 75 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот практичен дел. Ракописот содржи 12 поглавја кои одговараат на поглавјата и содржините во предметната литература. Ракописот целосно ги исполнува одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот претставува квалитетен труд кој е од особена важност за едукацијата на идните изучувачи на англиски јазик. Во нашата земја досега нема објавено практикум со иста или слична содржина, што го прави ракописот неопходен и значаен за студентите по англиски јазик и книжевност и од наставната и од преведувачката насока.

**Краток опис на содржината:** Целта на практикумот „English Syntax and Discourse - Language Workbook" (Синтакса и дискурс на англискиот јазик - Практикум) од д-р Марија Кусевска е да го поддржи остварувањето на целите на предметот Синтакса на англискиот јазик 2. Ракописот ги содржи следниве поглавја: 1. Sentence Structure and Semantic Roles of the Subject (Структура на реченицата и семантички улоги на подметот); 2. Semantic Roles of the Direct and Indirect Object (Семантички улоги на директниот и на индиректниот предмет); 3. Copula Verbs and Complex Transitive Verbs (Копула глаголи и комплексни преодни глаголи); 4. Determiners (Детерминатори); 5. Genitive Semantic Types (Генитивни семантички видови); 6 Review 1 (Повторување 1); 7. Time, Tense and Aspect (Време и аспект); 8. Passive Voice and Multi-Word Lexical Verbs (Пасив и сложени лексички глаголи); 9. Epistemic and Deontic Modality (Епистемичка и деонтичка модалност); 10. Modification of the Noun and the Noun Phrase (Модификација на именките и на именската група); 11. Use of Adverbs (Употреба на прилозите); 12. Review 2 (Повторување 2).

Насловните поглавја содржат вежби кои се поврзани со материјалот кој се работи во предметната литература. Овој материјал логички следи по курсот по Синтакса на англискиот јазик 1 за кој се претпоставува дека студентите веќе го совладале. Во секое поглавје има вежби од неколку вида кои постепено ги оспособуваат студентите за самостојна анализа. Еден дел од вежбите имаат за цел да ги наведат студентите самостојно да ги поминат содржините во книгата и да им овозможат да ги извлечат релевантните информации од нив. Други вежби им овозможуваат да ги класифицираат информациите и да ги применат во ситуации кои се делумно објаснети. Третиот тип вежби им овозможуваат на студентите сосема самостојно да ги вршат анализите и да станат независни во определувањето, анализата и креирањето на структурите на различни нивоа во синтаксичкиот систем на англискиот јазик. Двете поглавја за повторување имаат за цел да им овозможат на студентите да се навратат на материјалот кој веќе го поминале, да ја зголемат својата самодоверба при вршењето на анализите и да им овозможат успешно да ги изработат колоквиумите, т.е. испитите.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов "English Syntax and Discourse - Language Workbook" (Синтакса и дискурс на англискиот јазик - практикум) од д-р Марија Кусевска е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Синтакса на англискиот јазик 2 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, пристапот кон проблематиката и видот на вежбите и активностите ќе обезбедат успешно следење и совладување на теорискиот дел од наставната дисциплина за која е наменет и успешна подготовка за практичниот дел од испитот по предметот. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски практикум според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ракописот со наслов „English Syntax and Discourse - Language Workbook" (Синтакса и дискурс на англискиот јазик - практикум) од авторот д-р Марија Кусевска да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Нина Даскаловска, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ивановска, с.р.**